*МРЕЖА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА СИСТЕМСКИ И ТРАЈНИ РЕШЕНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

# ЗАЛОЖБИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ

Тргнувајќи од заложбите содржани во Познанската декларација која ја прифатија премиерите на земјите од Западен Балкан, вклучително и Република Северна Македонија на 5 јули 2019 година за усогласување на политиките за вклучување на Ромите кон идното проширување на Европската унија, ние, граѓанските организации од Мрежата за системски промени се залагаме за конкретни измени и тоа:
Потребна и итна акција во следните области:

**Вработување:**

Почитување на принципот на правична застапеност и вработување на Ромите во јавниот и државниот сектор до пропорционалната стапка на учеството на Ромите од вкупната популација;
Дополнително зголемување на стапката на вработеност кај Ромите за најмалку од 25% и тоа во Установи каде Ромите имат директна потреба;

**Домување:**

Легализирање на сите неформални населби со пристап до своите живеалишта каде живеат Роми или обезбедување на друго решение за нивно достоинствено домување каде моментално живеат во неформални населби кои не можат да бидат легализирани од оправдани причини или административна неажурност;

**Образование**:

Зголемување на бројот на вклучени деца Роми во основното образование од кои 90% ќе излезт со завршено основно образование како и бројот на вклучени Роми во средно образование од кои 50 % ќе излезат со завршено средно образование;

**Здравство:**

Пристап до здравствено осигурување за Ромите од најмалку 95 % или до стапка еднаква на остатокот од населението;

**Матична евиденција:**

Сите Роми се регистрирани во регистрите за матична евиденција.

**МРЕЖА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА СИСТЕМСКИ И ТРАЈНИ РЕШЕНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Недискриминација:**

Зајакнување на механизмите за заштита од дискриминација и обезбедување правна поддршка на наводните жртви на дискриминација, вклучително и институционална и скриена дискриминација;
Силно веруваме дека државата ќе ги користи достапните податоци од граѓанските и меѓународните организации за формулирање на политики засновани на докази за интеграција на Ромите и ке се обврзе да воспостави соодветен механизам за следење и известување за спроведувањето на ромските политики, како и водење на статистика;

3. Поддршка на Националните точки за контакт со Ромите како сеопфатен механизам за координација и спроведување на програмите како и обезбедување синергија помеѓу ресорните министерства одговорни за интеграција на Ромите;
Развој, усвојување и имплементација на регионални стандарди за партиципативно буџетирање поврзани со интеграцијата на Ромите за целно насочени политики, употреба и зголемување на јавното буџетирање, како централно, така и на локално ниво, достигнувајќи ги ромските заедници за да ги постигнат горespoменатите цели, користејќи ги достапните донаторски средства, вклучително и Инструмент за претпристапна помош, за унапредување на статусот на Ромите;

Воспоставање формални канали и механизми за заедничко вклучување на локалните самоуправи и ромските заедници во формулирањето на политиката, донесувањето одлуки, спроведувањето и следењето на политиките
Затоа, ги повикуваме сите, покрај државата и донаторите да продолжат со поддршката на иницијативи за унапредување на состојбата на Ромите со воведување на ромски специфични индикатори за клучните мерки.

Мрежа за системски промени
Координатор, Зоран Димов

***Членки:***

1. Асоцијација Иницијатива за социјална промена ИнСоК – Скопје;
2. Здружение на правата на Ромите – Штип;
3. Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија - ЗРДИЦМ – Скопје;
4. Национален ромски центар - НРЦ – Куманово;
5. Организација на жени Штип;
6. Рома Прогрес Скопје;
7. Ромска организиација на жените на Македонија – Даја- Куманово;
8. Ромска Солза Прилеп;
9. Ромски едукативен центар Амбрела – Скопје;
10. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите Месечина – Гостивар;
11. Центар за Развој на Ромската Заедница “Баирска Светлина” – Битола;